# Наградите за нашите уметници и културни работници

Кон усилбите на нашите уметници и културни работници народната власт пројавуе ново големо внимание и признание. По решение на Претседателот на народната влада на НР Македонија се доделени награди на следните уметници и културни работници: Ацо Шопов, Ванчо Николески, Блаже Конески, Петре Богданов — Кочко, Тодорка Кондова, Тома Владимирски, Василије Попович, Димче Коцо и Вера Кличкова.

Доделените награди ги опфаќаат оние наши уметници и културни работници, кои што во истеклата година пројавија продуктивност и упорност во својата уметничка и културна дејност. И нема никакво сомнение дека наградите се правилно и заслужено распределени.

Во областа на поезијата во 1946 година песната „Истранка" од Ацо Шопов се јавуе како творба која што бележи смел чекор во развојот на својот автор, а како тема и разработка изобразуе две крупни пројави од општиот југословенски живот: младинскиот строителен подвиг на градителите на младинската пруга и сенародниот копнеж по поробена Истра.

Во областа на детската литература Ванчо Николески е појден со надежни чекори и во својата книжевно-годишна дејност се изјавуе како детски писател, кој што со љубов и упорност се оддал на таа одговорна и со огромно воспитателско значење творческа работа.

Во својата литературна, јазиковедска и преводачка дејност Блаже Конески и во изминалата година даде ценет принос за што побрзиот развој на нашиот литературен јазик и се утврдуе се повеќе како сериозен и вешт работник во областа на нашето јазикознание.

Беспорни се заслугите и енергичната дејнотт на Петре Богданов Кочко и како композитор, и како организатор на нашиот музички живот.

Во изминатата година нашиот театар одбележа неколку ретки успеси. Тој ја доби веќе својата афирмација на театар, кој што побрзо се развива и води правилна репертоарна политика. На нашата сцена се изведе со редок успех една сложна психолошка драма — „Приказка за правдата", од Маргарита Алитер. Сега во последно време, со уште поголем успех, беше поставена и изведена класичната пиеса на Островски — „На секој мадрец може да му се случи"..

За постановката на таа пиеса несомнено е дека наградата на Димитар Кјостаров е заслужена. А за прекрасната игра на Тодорка Кондова во ролјата на Зоја Космодемјанскаја артистката е сега наградена и тоа наполно заслужено. Наградениот артист Петре Прличко, кој што со секоја нова пиеса се повеќе се ослободуе од тривиалното во неговата поранешна игра, особено во 1946 година ги раскри своите богати возможности на артист — творец, кој што создава незаборавни сценски образи

Доделените награди на художниците: Тома Владимирски и Василије Попович правилно се определени како награди за нивниот доследен стремеж за докоснување до тематиката на современето.

За својата упорна, постојана и несебична работа за пронаоѓање на битови цености за обогатувањето и подредбата на народниот музеј нашите скромни културни работници: Димче Коцо и Вера Кличкова заслужено ја добиваат својата награда.

Со еден збор — наградите доделени од претседателот на Народната влада на НР Македонија се правилно и точно распределени. Тие се нов и крупен израз на вниманието и признателноста на народната власт за постиженијата на нашите уметници и културни работници во 1946 година. На тие творци на македонската национална култура им се дава уште една богата возможност да разберат дека таа култура ја има полната морална и материјална поткрепа на народната држава. И наградените, и ненаградените работници во областа на културниот живот со гордост го посретнуат овој акт на внимание и признателност. Тие уште поактивно ќе ги мобилизираат своите скромни усилби, за да се покажат достојни за отправеното високо внимание. Радост е за нив, затоа што сите тие гледаат во тој акт дека се повеќе се затврдуе авторитетот на нашите уметници и културни работници, кои што се повикани да бидат духовни раководители на својот народ.

Доделените награди го имаат и тоа огромно значење дека тие ќе влијаат како моќен потстрек во творческиот развој на скромните македонски уметници и работници во полето на културата. Нивните усилби, нивниот авторски труд не остануат ненаградени. Од нашето највисоко републиканско раководство се врши преглед на стореното од нив во изминатата година и самиот тој факт ги тера да вршат самите тие проценки и преоценка на својот изминат пат.

А сето тоа, без сомнение, ќе укаже на основната потреба од сериозен однос кон авторските општествени задолженија и од сериозно внимание во индивидуалната авторска изградба. И јасно е — ќе се разбере од сите што сакаат да работаат како писатели, композитори, артисти, художници, критици, дека нема веќе место за аматерство и дека не може повеќе да се раководат од случајното во таа работа. И нешто друго. Не е доволно само звањето на уметник и културен работник. Нужни се дела и творби, за да се оправда тоа звание. Тоа е долг пред народот, пред народната држава, пред самите себе. Се знае дека треба да ја изградиме нашата национална култура — тоа е задолжителен наш принос кон општиот културен живот на денешна и утрешна Југославија. А без наличноста на упоритост во работата, на сестрана индивидуална изградба и без творческа амбиција не ќе може да се одговори на тој голем долг. Амбицијата која што треба на секоја цена да се создаде и да биде здрава и градивна, а не болесна пројава на авторска грандоманија, ќе го ускори индивидуалниот и општ творчески процес и ќе биде сигурен услов за создавање на творби со вистинска уметничка вредност. Така и само така се поразвихрен ќе биде и културниот полет на нашето слободно поколение.

Баш затоа и баш поради тоа се и доделените награди. И гледајќи на наградите и на својата работа како [illegible] вар, нашите уметници и културни работници треба да се спокојни и сигурни за своите идни постиженија.